Константин МИНОСКИ

# ЕТНИЧНОСТА И ИЗБОРНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Односот помеѓу етничноста и изборното однесување на граѓаните бил предмет на интерес на многу социолози и политиколози, особено по Втората светска војна. Во нашиот труд ги зедовме предвид оние гледишта што, според нас, побудиле најголем интерес во научната јавност и имале големо влијание врз подоцнежните истражувања. Тоа се гледиштата на: Роберт Дал (Robert Dahl), Рајмонд Волфингер (Raymond Wolfinger), Мајкл Паренти (Michael Parenti), на примерот на САД; и на Чарлс Рагин (Charles Ragin), на примерот на Велс.

Постои општа согласност дека студијата на Робер Дал за Њу Хевен е еден од највлијателните трудови за влијанието на етничноста врз политиката.[1] Меѓутоа, важноста на овој труд за проучувањето на етничноста не е ограничена само на проникливо категоризирање на податоците, затоа што тој содржи еден од неколкуте обиди за развивање на теории за етничките политики. Оваа теорија остави белег на подоцнежното истражување.[2]

Дал во своето истражување открил дека етничката идентификација на поединецот во голема мера го определува неговиот живот. Таа влијае не само на неговата идеја за самиот себе, туку и на начинот на кој другите реагираат на него. Тој напоменува дека „и покрај етничката растечка асимилација, етничките фактори продолжуваат да се чувствуваат со зачудувачка упорност“[3]. Политичарите многу брзо откриле дека нагласувањето на етничката идентификација, преку давање или ветување општествено, политичко и економско напредување на групата, било ефикасно за добивање поддршка и лојалност од групата.

Дал констатира три степени низ кои поминуваат етничките групи поврзани со нивниот општествено-економски статус. За времетраењето на првиот степен, групата социо-економски е похомогена, и во ставовите и во партијноста. Тој истакнува, „... сите ставови за животот тежнеат кон конвергирање и со тоа кон создавање слични интереси и политичка еднородност.“[4]

---

[1] Robert Dahl, „Who governs?“, New Haven: Yale University Press, 1963.

[2] Abraham H. Miller, „Ethnicity and Political Behaviour: A Rewiev of Theories an Attempt at Reformulation“, The Western Political Quarterly, ??, str. 484; Raymond Wolfinger, „The Development and Persitence of Ethnic Voting“, American Political Science Review, 59 (December 1965), 896-909; Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification“, American Science Review, 61 (September, 1967), str. 719.

[3] Robert Dahl, „Who governs?“, New Haven: Yale University Press, 1963.

[4] Исто, стр. 35.

За време на вториот степен, групата напредува економски, меѓутоа општествено-економската еднородност тежнее кон нарушување. Етничките врски сè уште ја држат групата доволно еднородна во политичките ставови, но елементите на политиката на ниската и средната класа тежнеат кон разлики. Така, доколку лидерите на групата сакаат да ја задржат целосната поддршка на групата, тие мораат да ги избегнуваат социо-економските прашања кои имаат разделувачка сила.

За време на третиот степен, групата го достигнува највисокото ниво на социо-економската скала. Политичките ставови и лојалноста стануваат повеќе функција на социо-економскиот живот отколку на етничките врски. Поединецот сè повеќе размислува за политиката во контекст на тоа како таа се одразува на неговата класна политика отколку како таа се одразува на неговата етничка идентификација. Етничкиот кандидат може да ја разбуди гордоста на поединецот во однос на неговото наследство, но тој мора да се справи со општествено-економските прашања што ќе ја поделат групата.

Дал поставува „тростепен“ модел за да опише како политичката асимилација ќе уследи по поопшта општествена асимилација. Ова го демонстрира со податоци од локалните избори (за градоначалник) во периодот од 1903 до 1959 и од претседателските избори од 1904 до 1956. Податоците покажуваат силно опаѓање на етничкото гласање.[5] Меѓутоа, и покрај опаѓањето на етничкото гласање, Дал смета дека ефектот од етничноста сè уште може да се види во етнички заснованата партиска идентификација.[6]

Основниот впечаток што го остава Дал со неговата теорија за асимилацијата е дека етничкото гласање опаѓа со развојот на етничката група низ трите степени на етничкиот живот, но резидуалните елементи од етничката партијност треба да се утврдат. И покрај тоа, тој заклучува дека со асимилацијата на групата во пошироко општество, класата неизбежно ја подредува етничноста во натпреварувањето за лојалноста на гласачите.

Меѓутоа, Рејмонд Волфингер нашол дека објаснувањето на Дал за политичкото однесување на етничките групи во Њу Хевен е недоволно. Тој е студент и еден од соработниците на Дал. Тезите на Волфингер можеме да ги сумираме во следново: 1. „Семејно-политичка идентификација“. Истражувањата на гласањето покажуваат дека до 4/5 од сите гласачи ја поддржуваат истата партиска идентификација

[5] Исто, стр. 44-46.
[6] Исто, стр. 59-60.

како и нивните родители, континуитет кој не е само одраз на сличните животни услови (околности) туку делумно може да се припише на независното влијание на односите во примарните групи.[7] 2. „Критичка изборна теорија". Појавата на етнички силно истакнати кандидати и проблеми (прашања) може да предизвика драматично прередување. така што одделната партија станува доверител на етничката лојалност дури и откако етнички истакнатите кандидати и проблеми поминале.[8] 3. „Историски пост-ефекти". Партиските здружувања, како што покажаа (демонстрираа) Кеј и Мунгер за Индијана, продолжуваат да постојат со генерации откако причините за нивното појавување престанале да бидат политички релевантни. Така, дури и кога етничката истакнатост исчезнува, ... нејзините политички ефекти ќе останат".[9] 4. „Борбени (воени) милитантни остатоци во јадрото на градот". Етничката заедница може да ја задржи групната свесност наспроти растечката класна хетерогеност, бидејќи асимилационистички расположените (асимилационистите) ќе се поместат во предградијата, додека оние помеѓу вертикално подвижните, кои одбрале да останат во етничките градски населби, е поверојатно да бидат најсилно интимно групно ориентирани.[10]

Волфингер расправа дека еднородната класна заснованост не е ни приближно важна како општествената мобилност во истакнувањето на етничноста како политички фактор. За него, исто така, „етничноста е секогаш значаен фактор во изборното однесување. Јас тоа би го нарекол „етничко гласање" и има две манифестации, (1) членовите на етничката група покажуваат афинитет за една партија или за другата која не може да биде широко распространета како резултат на други демографски карактеристики; ... (2) членовите на етничката група ќе ја поминат партиската линија да гласаат за или против кандидатот кој припаѓа на определена етничка група."[11] Предусловите за етничкото гласање не треба да се бараат само во силата на етничката идентификација, што тој прифаќа дека се одвива кога и еднородната етничка основа и класната основа ковергираат, туку и во релевантноста на етничноста во посебните избори.[12] За него, „најмоќниот и видлив знак на

[7] Raymond Wolfinger, „The Development and Persitence of Ethnic Voting", American Political Science Review, 59 (December 1965), 896-909, стр. 907.

[8] Исто, стр. 908.

[9] Исто. Види исто така V. O. Key and Frank Munger, „Social Determinism and Electoral Decision: the Case of Indiana," во Eugene Burdick and Arthur J. Brodbeck (eds.), „American Voting Behavior", Glencoe, Ill. : The Free Press, 1959, стр. 281-299.

[10] Исто.

[11] Raymond Wolfinger, „The Development and Persitence of Ethnic Voting", American Political Science Review, 59 (December 1965), 896-909, стр. 896.

[12] Исто, стр. 905.

етничката политичка релевантност е името на сонародникот на почетокот на гласачкото ливче, евидентен за секој кој влегува во гласачките кабини."[13] Вештините и влијанијата поврзани за средно-класниот статус навистина се нужни за да може групниот кандидат да биде кандидиран за некоја важна функција. Според Волфингер, како што етничката група исплива од еднородната општествено-економска заснованост, етничкото гласање не само што не исчезнува, туку и се зголемува. Така, истакнатоста на присуството на етничкиот кандидат на изборното ливче е далеку позначајно за етничката политика отколку класната поделеност по економските прашања - што е основата на Даловата тристепена теорија за етничката асимилација - и, како резултат на тоа, етничкото гласање се зголемува со првите две генерации родени во новиот свет. „Статусот на припадник на средната класа е вистинската претпоставка за кандидатура за градоначалничката канцеларија; развитокот на достаточните политички вештини и влијанието за да се зачува една ваква канцеларија, исто така бара постоење на развиена средна класа. Така, етничкото гласање ќе биде посилно кога етничката група произвела средна класа, т.е., во втората и третата генерација, не во првата. И уште повеќе, промените на партиската идентификација кои произлегуваат од оваа прва значајна кандидатура, ќе опстанат и по изборите на кои тие се појавиле."[14] Волфингер расправа дека средно-класниот статус ја *мобилизира* етничката лојалност заради тоа што новопостигнатата политичка моќ е поврзана со овој статус. Ова е во контрадикторност со теоријата на асимилација на Роберт Дал, кој класната поделеност ја гледа како нагризувачка основа за етничката политичка лојалност, формулирана преку конвергенцијата на етничноста и еднородната класа како фактор.

Истите забележувања можат да бидат направени и за етничко-религиозните идентитети, за како што забележува Волфингер цитирајќи податоци од студијата за Елмира: „општествената мобилност во никој случај не го намалува религиозниот фактор како детерминанта за гласачкото однесување; всушност, во случајот на повисоката и средната класа католици и протестанти, религијата изгледа претставува зголемена важност како фактор за гласање."[15] Со други зборови, според Волфингер, наспроти Дал, melting pot или не, етничкото гласање може да биде со нас уште долго во времето што доаѓа.

Абрахам Милер (Abraham H. Miller) во својот труд „Етничноста и политичкото однесување: преглед на теориите и обид за преформу-

[13] Исто.
[14] Исто.
[15] Исто.

лација", се обидува да ги преиспита претходно изнесените тези на Дал и на Волфингер за влијанието на етничноста врз изборите. Попрецизно, тој имал за цел: 1. Да ги преиспита основите врз кој се засновуваат Даловите заклучоци за истрајноста на етничката политика и поддржувањето на неговата теорија за етничката асимилација; 2. Да ги преиспита доказите за теоријата на етничката мобилизација предложена од Волфингер; 3. Да ги усогласи овие разлики; 4. Да предложи реформулација на Даловата теорија врз основа на повторно проценување на податоците.[16]

Милер смета дека Даловото вреднување на податоците од своето истражување во голема мера било ставено во доменот на посакуваното и во однос на употребениот техничкиот инструмент и во однос на донесените заклучоци. Со оглед дека не согледал однос помеѓу класата и партиската идентификација преку етничките групи, Дал заклучил дека отсуството на таков однос покажува присуство на етнички однос што го надвладува очекуваниот класно заснован однос. Присуството или отсуството на таков однос, дури и со употреба на етничките групи како насочувачи на податоците, не значи непосредно толкување на ефектот од етничноста.

Милер забележува дека одговорот што го барал Дал, во однос на етничноста врз паритската идентификација преку класата, можел да се изнајде со двонасочна анализа на варијанса. Резултатите покажувале значајност на етничноста, незначајност на класата и значајност на интеракциските ефекти. Забелешката дека во третиот степен на асимилацијата ефектите на етничноста се подредени на општествено-економските делови било разбиено од незначајната улога на класата во влијанието врз партиската идентификација.[17]

Според Милер, најважното откритие било срećното (случајното) наоѓање на интеракцијата. Интуитивниот однос помеѓу класата и етничноста, за што Дал пишувал, но никогаш соодветно не го документирал, Милер повторно го открил. Интеракциските наоѓања би можеле да се подредат во теоријата за вкрстени притисоци. Милер забележува дека кога класата и етничноста влијаеле во конгруентна партиска насока, партиската поддршка била поголема отколку онаа што можело да се очекува од додадените ефекти на овие варијабли. Кога класата и етничноста влијаеле во неконгруентни насоки, имало помала партиска поддршка отколку што би можело да се очекува со

[16] Abraham H. Miller, „Ethnicity and Political Behavior: A Review of Theories and an Attempt at Reformulation", The Western Political Quarterly, стр. 499.

[17] Исто.

додатоците. Значајноста на класата воопшто била најдена во нејзиниот интерактивен ефект, во засилувањето и во нагризувањето на основната етничка партиска лојалност. Модификацијата на теоријата на Дал, Милер ја предлага врз основа на овие согледувања.[18]

Милер особено се заинтересирал за теоријата за етничка мобилизација затоа што се темелела на навидум исти податоци како и теоријата на етничката асимилација. Тој вели дека внимателното прегледување на Волфингеровата употреба на податоците покажува остра разлика помеѓу податоците и заклучоците.[19] Милер смета дека, и покрај недостатоците, „теоријата" на Волфингер била вредна како опис за вториот степен на етничката асимилација, но не и како објаснување за истрајноста на етничката политика. Според него, Дал и Волфингер можат да се усогласат само до колку заклучоците на Волфингер се преиспитаат во контекст на вториот степен на асимилација.

Мајкл Паренти смета дека прашањето што ги преокупира големиот број социолози и политиколози кои што ја проучуваат етничката политика, зошто припадниците на етничките групи и покрај зголемената асимилација продолжуваат да гласат како припадници на етничките групи, во основа е погрешно поставено, зашто едноставниот одговор би бил дека не постои асимилација.[20] Погрешните прашања водат кон погрешни одговори. Употребувајќи една општоприфатена поедноставена примена на моделот на Парсонс[21], Паренти доаѓа до претпоставката дека „културните, општествените и личните системи мо-

---

[18] Исто, стр. 500.

[19] Исто.

[20] Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification", American Science Review, 61 (September, 1967), стр. 717.

[21] Според Талкот Парсонс и останатите, треба да се прави разлика помеѓу културни и општествени системи: културен систем е систем на верувања, вредности, норми, навики, симболи и идеи (наука, уметност, артефакти, јазик, право и вклучувајќи го учењето); општествен систем е системот на меѓуодноси и здружувања (асоцијаци) меѓу индивидуите и групите. Така црквата, семејството, клубот, неформалните организации, итн., составени од индивидуи кои дејствуваат меѓусебно во некој вид контекст, опфаќајќи улоги и статуси, се дел од општествениот систем, или некој може да каже, претставуваат посебни подопштествени системи во општеството; додека верувањата, симболите и навиките кои ги споделуваат и до кои се држат членовите (припадниците) на црквата, семејството, клубот итн. се дел од културниот систем или подкултурните системи во рамките на тоталната култура. Со апстрахирање на две аналитички различни групи на компоненти од истиот конкретен феномен, можеме да забележиме дека, иако често може да биде важна (значајна) интеракција, поредокот (редот) на односите и на дејствувањата и на условите во едната, се независни од оние во другата. Вниманието на оваа независност ја зголемува аналитичката прецизност.

A. L. Kroeber and Talcott Parsons, „The Concepts of Culture and of Social System", American Sociological Review, 23 (October, 1958), 582 - 583; исто така Talcott Parsons, „The Social System" (Glencoe, Ill.: The Free Press, 1951); цитирано според Michael Parenti, „Ethnic Poltics and the Persistence of Ethnic Identification", American Science Review, 61 (September, 1967), стр. 718.

жат да оперираат со комплексни независни императиви за зачувување на етничката свест,"[22] и понатаму „***затоа што етничките потсистеми можат да опстојат или да развиваат нови структури независно од општеството домаќин и наспроти драматичните културни промени во правец на етаблираната култура.***" [23] Од неговите анализи и податоци заклучува дека етничките различности, донекаде, и понатаму можат да се третираат како фактор во општествениот и политичкиот плурализам.

Паренти смета дека тврдењето на Дал дека Германците, Ирците и Италијанците од Њу Хевн навлегуваат во „третата фаза на асимилацијата", кога работните места на средната класа, соседството, идеите, соработниците и стиловите на живот ја прават етничноста фактор за запоставување, како и тврдењето на Волфингер дека „етничката свест слабее; таа е веќе немоќна во некои делови на земјата и кај некои етнички групи", и дека „постојаното зголемување на образованието, географската дисперзија, мешаните бракови и контактите помеѓу групите, се чини ја намалуваат етничката свест",[24] треба внимателно да се проверат. Според него, „може да се види дека (а) зголемувањето на образованието не води неопходно кон намалена етничка свест; напротив, зголемувањето во секташкото образование често предизвикува зголемена етничка свест.[25] (б) Зголемувањето на доходот и адаптацијата кон стилот на средната класа не ја намалува значително виталноста и зачестеноста на формалните етнички и неформалните структурални здруженија. Вакви стилски промени какви што се појавија може исто толку лесно да навлезат внатре во границите на етничките стратифицирани општествени системи, поради што тоа води кон создавање на паралелни структури почесто отколку кон апсорбција во англо-протестантските општествени системи. (в) Географската дисперзија, како на пример професионалната и класната мобилност беа многу преценети. Преселувањата од првите живеалишни подрачја, всушност може да претставува трансплантација на етничките заедници во предградијата. Понатаму, како што видовме, дури и без вообичаените географски граници, оп-

---

[22] Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification", American Science Review, 61 (September, 1967), стр. 724.

[23] Исто, стр. 719.

[24] Robert Dahl, „Who governs?", New Haven: Yale University Press, 1963, str. 35-36; Raymond Wolfinger, „The Development and Persitence of Ethnic Voting", American Political Science Review, 59 (December 1965), 896-909, str. 908; citirano spored Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification", American Science Review, 61 (September, 1967), стр. 724.

[25] Gerhard Lenski, „The Religious Factor", (Garden City, N. Y.: Doubleday, 1963), citirano spored Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification", American Science Review, 61 (September, 1967), стр. 724.

штествените и психолошките гранични етнички заедници опстојуваат. (г) Интергрупните контакти, како што може да се чини, не водат неопходно кон намалена етничка свест; тие можат да послужат за активирање на ново и позитивно оценување на личниот етнички идентитет. Или, интергрупните контакти често можат да бидат абразивни и поради тоа често можат да водат кон етничка дефанзивност и компензациска милитантност во групата. Можеби мешаните бракови, како генетичка интеграција (за потомците) ќе ја забрза асимилацијата; таму каде што не успеала омразата, љубовта може да успее во бришењето на етничкото. Но мешаните бракови остануваат исклучок од правилото, и не ветуваат дека во блиска иднина ќе се постигне широка скала на структурна групна асимилација. Понатаму, во недостаток на соодветни податоци, не би требало да претпоставиме дека потомците од мешаните бракови се исклучени од етничките идентификации од еден или од друг вид.“[26]

Паренти, исто како и Волфингер, смета дека етничноста како фактор уште долго ќе биде присутна во политичкото однесување. За да престане нејзиното влијание потребна е целосна етничка структурно-идентификациска асимилација во општеството домаќин.[27] Меѓутоа, пред тоа да се случи, тие ќе бидат меѓу нас и ќе мораме да сметаме на нивното влијание.

Во продолжение накусо можеме да се осврнеме и на трудот на Едвард О. Лауман (Edward O. Laumann) и Дејвид Сегал (David R. Segal), „Статусната непостојаност и членството во етнорелигиозните групи како детерминанти на општествената партиципација и политичките ставови“.[28] Врз основа на анкетно истражување во Детроит, тие го анализирале ефектот на членството на етнорелигиозните групи и образованието врз неколку економски и политички ставови и индикатори на општествената партиципација. Нивната претпоставка била дека доколку се управуваат според ефектите на статусната непостојаност, би можеле да забележат ефекти на статистичката интеракција помеѓу членството во етнорелигиозните групи и образованието, и дека оваа интеракција би се менувала како функција на етнорелигиозниот статус. За некои варијабли и за некои етнорелигиозни групи, регресионите анализи покажале постоење на интеракциски ефекти. Меѓутоа, тоа не биле очекуваните ефекти врз база на теоријата на ста-

---

[26] Michael Parenti, „Ethnic Politics and the Persistence of Ethnic Identification“, American Science Review, 61 (September, 1967), str. 724.

[27] Исто, стр. 726.

[28] Edward O. Laumann and David R. Segal, „Status Inconsistency and Ethnoreligious Group Membership as Determinants of Social Participation and Political Attitudes“, American Journal of Sociology, Volume 77, Number 1, стр. 36 - 37.

тусната непостојаност. Добиените резултати ги припишуваат на постоењето на субкултурни разлики помеѓу етнорелигиозните групи во Детроит. Така, нивните резултати обезбедуваат основа за отфрлање на општиот феномен на статусната непостојаност, како во случајот на оној предложен од Ленски. Не постои сеопфатен образец на статусната интеракција помеѓу членството во етнорелигиозните групи и образованието, во однос било на политичките ставови, било на социјалната партиципација.[29] Меѓутоа, во исто време откриле дека постојат значајни интеракциски ефекти што ги вклучуваат посебните етнорелигиозни групи со манифестирани субкултурни разлики во политичките ориентации и обрасците на друштвеноста.[30] На крај забележуваат дека нивните податоци не ја поддржуваат „melting pot" гледната точка на асимилација, а тие не го поддржуваат ни алтернативниот модел на кршењето на кохезијата на етничките групи на Борек (Borhek, 1970)[31], којшто сугерирал дека формалното образование е најважната детерминанта и на хомогеноста на изборот на пријателите и на изразувањето на асимилационистичките ставови.

Чарлс Рагин (Chareles Ragin) во својот труд „Етничката политичка мобилизација: случајот на Велс"[32] емпириски тестира три перспективи на етничката политичка мобилизација врз случајот на Велс. Тие се: развојната перспектива, која етничноста ја третира како постојан примордијален сентимент; реактивната етничка перспектива, во согласност со која етничната мобилизација може да произлезе од културната поделба на трудот; и етничката компетициона перспектива (перспектива на етничкиот натпревар - компетиција), во која етничката мобилизација е видена како последица на засилената компетиција (натпревар) помеѓу групите преку улогите и ресурсите.[33] Накусо ќе ги разгледаме размислувањата за трите перспективи на етничноста што ги презентира Рагин.

Според него, размислувањата за *развојната перспектива* на етничноста се презентирани најзбиено од Липсет (Lipset) и Рокан (Rokkan) (1967 : 1 - 64). Нивната значајност и нивните аргументи подобро можат да се согледаат доколку се искомбинирани со генералната дифузионистичка перспектива за изградувањето на нацијата (види Hechter, 1975 : 22 - 30).[34]

[29] Исто, стр. 55.

[30] Исто.

[31] Види: Borhek, J. T., „Ethnic Group Cohesion", American Jorunal of Sociology, 76 : 33-46, 1970.

[32] Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case", American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August): 619-635.

[33] Исто, стр. 619.

[34] Исто, стр. 620.

Во општи црти тие расправаат дека во различни фази од развојот на модерното општество надвладуваат различни типови на политички расцепи. Ваквите различни типови на расцепи одговараат на димензиите од Парсонсовата АГИЛ шема во развојната типологија, во која расцепите кои се засновани географски или културно се потиснати од функционалните расцепи[35] што ги одразуваат „интересите"[36] на учесниците и групите на учесници, дефинирани во согласност со нивните општествено структурни позиции. Рагин согледува дека „ова преовладување на функционалните расцепи во модерните државни уредувања, според Липсет и Рокан (1967 : 19) е донесено од (навлечено од) „индустриската револуција (која) ... во подолг период настојувала да направи пресек низ вредностите на заедниците во рамките на нациите и да го присили ослободеното граѓанство да избере страни според нивниот економски интерес". По проширувањето на универзалното страдање на човештвото, зголемената предоминација на функционалните интереси во политичката арена се манифестираше во униформиран естаблишмент на масовните работнички политички партии во европските земји."[37]

За да може ваквото преоѓање кон политички расцепи, засновани функционално, да стане реалност на национално ниво, нужно е процесот на структурното раслојување да ги „проголта", или пак најмалку да ги дофати (долови) различните вредности на заедниците во рамките на националната држава (нација држава). Хечтер вели: „Во општествата кои се карактеризираат со понапредно, модерно јадро и помалку напредна, традиционална периферија (околина), економската интеграција на периферијата со јадрото ќе ги намали нивните културни и општествено организациони различности. Оваа хомогенизација на јадрото и периферијата ќе напредува (одминува) како функција на интензитетот на интеррегионалната интеракција: колку се посилни овие интеракции, толку побрзо периферијата ќе станува слична на јадрото. Така, културниот традиционализам кој може да послужи како основа за етничка мобилизација ќе преживее само во мерка во која периферната област останува надвор од сферата на националната економија. Ако опаѓањето на својствените (дистинктивните) културни традиции во периферијата е придружено со општествено-структурна диференцијација и претходи на проширувањето на изборното

[35] (Липсет и Рокан, 1967 : 25 - 16)

[36] (Вебер, 1947 : 122-3)

[37] Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case", American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August), стр. 620. Покрај Липсет и Рокан, Рагин упатува и на Allardt и Littunen, 1964.

право, периферните области ќе го следат водството на јадрото кога ќе биде направен премин кон масовна, класно заснована политика. Ова ќе резултира во општонародна надмоќ на функционално заснованите политички расцепи."[38]

Според Рагин, овде развојната перспектива е дополнета од дифузионистичката перспектива за изградбата на нацијата.

Наспроти развојната перспектива, *реактивната етничка перспектива* расправа дека структурната диференцијација може всушност да ја зголеми истакнатоста на етничките различности, до колку се заснова на културната поделба на трудот. Според оваа перспектива партикуларистичкото распределување на улогите и ресурсите може да ја придружува структурната диференцијација, така што најпосакуваните награди се резервирани за членовите на културното јадро на групата, додека членовите на периферните културни групи се поставуваат на инфериорни позиции и добиваат помалку вредни награди.[39]

Според Рагин, најзначајни претставници на оваа перспектива, не занемарувајќи ги разликите во нивните стојалишта, се Гелнер (Gellner) и Хечтер (Hechter, 1975: 30-43).

Според Гелнер, условите кои ја засилуваат релевантноста на културниот афинитет, воопшто, се придружени со нерамномерното ширење на развојот, особено на индустријализацијата, низ целиот свет. Оваа нерамномерна распределба создава помалку напредни колективитети, кои најчесто се наоѓаат или живеат во територијалните граници на мултикултурните политички ентитети и острите културни разлики. До колку културните и развојните разлики се совпаднат, како што, според Гелнер, често се случува, двете ќе имаат тенденција меѓусебно да се засилуваат, особено при распределбата на ретките улоги, награди и извори.[40] Тој расправа:

„... кога ... новите луѓе кои влегуваат во индустрискиот свет не се забележително различни од постарите, тие не можат сурово да бидат исклучени.

„... Ова се случува таму каде што културата, пигментацијата, итн., стануваат важни: тие обезбедуваат средства за исклучување во корист на привилигираните, и средства за идентификација и др., за оние коишто не се привилигирани." Од овие причини, етничката политичка мобилизација, би требало да се набљудува како производ на

---

[38] Исто, стр. 620-621. (Види исто Stokes, 1968 : 182 - 202, за национализацијата на изборните сили и Butler and Stokes, 1969 : 247 - 74).

[39] Исто, стр. 621.

[40] Ernest Gelner, „Thought and Change", University of Chicago Press, Chicago, 1969.

поборничките практики што го придружуваат нееднаквото ширење на индустријализацијата.“[41]

Вториот претставник на реактивната етничка политичка перспектива е Мајкл Хечтер[42].

Хечтер го модификува Гелнеровиот аргумент во однос на културните карактеристики. Кај Гелнер културните разлики мора да бидат остри, додека, според Хечтер, и релативно ретките културни обележја (на пример акцентот; види Хечтер, 1975: 43) можат да послужат како основа за исклучување. Поврзаната модификација, според Рагин, во практиката на исклучување во Хечеровата шема може да резултира само во одделната коинциденција на економската и културната подреденост.[43] Хечтер ја одрекува нагласеноста на временската асоцијација на етничката мобилизација со индустријализацијата, и расправа дека потенцијалот за етничката мобилизација може да остане неактивен со децении, следејќи ја индустријализацијата, за да биде предизвикан (поттикнат) само од специфични политички и економски фактори.[44]

Рагин укажува дека Хечтер ги поткрепува Гелнеровите аргументи со класични марксистички аргументи и внатрешната колонијалистичка перспектива. Според Хечтер, културна поделба на трудот е можна кога периферната област е развиена како внатрешна колонија, чиј развој е детерминиран од потребите на јадрото развивач. (Ваквото гледиште на Хечтер и Гелнер е илустрирано со случајот на Келтите во Британија).[45]

Според Рагин, приклонувањето на Хечтеровото стојалиште се гледа и во неговата дискусија за структурните услови што можат да ја предизвикаат етничката мобилизација, а коишто се слични на оние што водат кон класна солидарност, опишани од Маркс и Енгелс (1848). „Тоа се: (1) силна економска нееднаквост, (2) перцепцијата на оваа нееднаквост како образец на колективно угнетување, и (3) соодветна комуникација помеѓу членовите на угнетуваната група (Хечтер, 1975 : 42).“[46] На ваквата марксистичката рамка тој додал дека совпаѓањето на културните разлики со класните води кон етничка (всушност,

---

[41] Ernest Gelner, „Thought and Change“, University of Chicago Press, Chicago, 1969, стр. 168; цитирано според Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case“, American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August), стр. 621.

[42] Michael Hechter.

[43] Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case“, American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August), стр. 621.

[44] Исто.

[45] Исто, стр. 622.

[46] Michael Hecheter, цитирано според: Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case“, American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August), стр. 622.

етничко-класната) солидарност како спротиставена на класната солидарност.[47]

Претставниците на *перспективата на етничкиот натпревар* гледаат на етничката мобилизација како на последица од натпреварот помеѓу групите за улоги и ресурси. Како најзначајни претставници на оваа перспектива, Рагин ги вбројува Карл Дојч (Karl Deutch), Пјер Ван ден Берг (Pierre Van den Berge), Фредрик Барт (Fredrik Barth), Франсоа Нилсен (Francois Nielsen), Мајкл Ханан (Michael Hannan).

Според оваа перспектива, етничките групи во општествените рамки заземаат различни структурни позиции во функционалната поделба на трудот или кога просторно се одделени.[48] Во ситуација кога вака одделените, но зависни една од друга, етнички групи се натпреваруваат за исти награди и ресурси, може да дојде до економски промени коишто негативно ќе се одразат на етничката стабилност.

Како и Барт, Ханан расправа дека економската и политичката модернизација влијаат врз етничноста на два спротивни начина.[49]

Прво, според Ханан, *модернизацијата ја редуцира етничката различност.* Тој расправа дека „модернизацијата ја придружува судбината на популацијата којашто не се вклопила порано.“[50] Ваквиот процес ги поткопува еколошките основи на етничката различност и ги нагризува еколошки разграничените етнички идентитети на локално ниво.

Второ, *модернизацијата ја зголемува веројатноста за етничка мобилизација на глобално ниво.* Според Ханан, оваа втора последица на економската и политичката модернизација повеќе директно ја следи логиката на натпревар и селекција: како што потсистемите во поголем систем (на пр. нација - држава) стануваат повеќе поврзани и се зголемува бројот на интерактивната популација (население), така се променуваат условите на организирање и натпреварување. Особено, бидејќи големината и силата на најголемиот натпреварувач (на пример, јадрото на центарот) се зголемува, напорите за организиран отпор на јадрото ќе бидат поуспешни ако тие се организираат околу зголемените идентитети (Ханан, 1979 : 31). Претпоставувајќи дека поединците поседуваат повеќеобразни културни идентитети, со различен степен или општост, до колку поголема популација се приврзе на даден културен идентитет, до толку е поголема веројатноста дека

---

[47] Исто.

[48] Charles Ragin, „Ethnic Political Mobilisation: The Walsh Case“, American Sociological Review, 1979, Vol. 44 (August), стр. 622.

[49] Исто.

[50] Исто, стр. 623.

идентитетот ќе биде успешно искористен како основа за мобилизација. Накусо, процесите на селекција се заменети со модернизацијата, така што широката скала на културните идентитети се фаворизирани, се разбира, доколку постојат.[51]

Така, според перспективата на етничкиот натпревар, етничката мобилизација може да го надополни неуспехот на класната мобилизација и да го принуди јадрото заедно со периферијата да го сподели ризикот од економското осиромашување. Меѓутоа воведувањето нови можности за натпревар, на пример на економското разнообразие, отвора нови можности за етнополитичка мобилизација. Значи, етничката мобилизација е возможна ако им се даде особено значење на културните идентитети (силни) и со внесување на нови економски награди или ресурси.

Се наметнува прашањето која од овие три перспективи би можело да ја примениме во нашите анализи за примерот на Македонија.[52] Согласно со различниот историски и општествен развој со примерите врз кои се градени, сметаме дека не можеме да ги примениме во онаа форма како што се изложени. Меѓутоа, тие можат да послужат како основа за анализи преку нивното комбинирање.

***Клучни зборови:*** *етичноста, изборното однесување, етничката идентификација, етничките групи, етничкото гласање, етничка мобилизација.*

---

[51] Исто.

[52] Во македонската социологија, проблемот на етничката конкуренција (кај нас натпревар) го анализира Ило Трајковски. Според него „етничката конкуренција е елементарна и фундаментална форма на меѓуетничката интеракција... и ...во меѓуетничките општества, структуралните и субјективните нарушувања на основните принципи на етничката конкуренција условуваат конфликти и антагонистички меѓуетнички односи."

М-р Ило Трајковски, „Конкуренцијата и меѓуетничките односи", Безбедност, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, година XXXIII Број 1, Скопје, мај, 1993, стр. 160-165.

## SUMMARY

Konstantin MINOSKI

### ETHNICITY AND ELECTORAL BEHAVIOUR

Ethnicity related to electoral behaviour was the object of interest for many sociologists and political scientists, especially after the World War II. Therefore, we took into consideration the standpoints of the scientists that arouse the biggest interest in the scientific publicity, in our submission, and had grate influence in the latter researches. That are the standpoints of Robert Dahl, Raymond Wolfinger, Michael Parenti, in the case of USA; and Charles Ragin, on the case of Walls. All of this is in the function of studying this relation in Macedonia, that is of our particular interest. The experiences of the researchers mentioned above, might be of great help in the conceptualization and realization of similar researches. But, we have to take into consideration always the social and cultural distinctions of the Macedonian society.